Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08- 328/1

година 22-03-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-762/1 од 27.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Кочани, со живеалиште на [redacted] за сторена дискриминација, во областа на Образование, наука и спорт од страна на [redacted] ОУ „Св. Кирил и Методиј"- Кочани, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020), го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во содржината на Јавниот повик за учество на јавно наддавање за распределба на термини за користење на Спортската сала во ОУ „Св. Кирил и Методиј"- Кочани бр.03-351/1 од 04.09.2023 година врз [redacted] од Кочани и вработените во ОУ „Св. Кирил и Методиј"- Кочани.

## Образложение

На 27.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08-762/1, од страна на подносителот [redacted] против [redacted] ОУ „Св. Кирил и Методиј"- Кочани за сторена дискриминација врз основа на Друга основа, во областа на Образование наука и спорт.

Подносителот наведува дека е вработен во ОУ „Св. Кирил и Методиј"-Кочани како наставник по физичко и здравствено образование на неопределено време со полно работно време. Како вработен во училиштето извршува работни задачи и обврски определени согласно закон и договор за вработување, на начин и под услови определени со истите во рамки на работното време. Тој тврди дека е дискриминиран како резултат на самовластието и дискриминаторското постапување на директорот на училиштето, а во врска со доделување на термини за користење на спортска сала на спортски клубови, здруженија на граѓани и други заинтересирани лица.

Имено, наведеното училиште врз основа на Одлука за делегирање на вршење на работите на одржување и давање на користење на Спортската сала во Кочани (Службен Гласник на општина Кочани бр.1/2007, 8/2007, 17/2008, 15/2010 и 1/2018) и Одлука за начинот на користење и управување на салите на општинските основни и средни училиште (Службен Гласник на општина Кочани бр. 9/2023) е овластено да стопанисува со спортската сала и истата согласно јавен повик за доделување на термин за користење да ја додели на клубови, здруженија и други заинтересирани лица. Следствено, директорот на училиштето на ден 04.09.2023 година распишал јавен повик заведен под архивски број 03-351/1 од 04.09.2023 година, а кој јавен повик бил

објавен како на огласната табла во училиштето така и во медиумите. Предмет на јавниот повик бил учество на јавно надавање за распределба на термините за користење на Спортската сала во ОУ „Св. Кирил и Методиј“ Кочани. Во јавниот повик, меѓу другото, бил поставен и услов според кој клубовите и спортските здруженија кои сакаат да земат учество на наддавањето и да добијат соодветен термин не треба ниту на една позиција, ниту како сопственик, ниту како управител, ниту како тренер, ниту на било која друга позиција во клубот да имаат лице кое е вработено во ОУ „Св. Кирил и Методиј“ Кочани, а доколку од страна на раководното лице на ОУ „Св. Кирил и Методиј“-Кочани, во било кој момент се утврди дека кај корисникот на спортската сала кој што ќе биде избран на јавниот повик има вработено или ангажирано по било кој основ лице што е вработено во ОУ „Св. Кирил и Методиј"-Кочани, училиштето има право еднострано да го раскине договорот кој што е заверен и потпишан од двете страни. Со тоа, подносителот наведува дека е ставен во понеповолна положба од други вработени во училишта на територијата на општина Кочани, во чии јавни повици за користење на спортски сали немало предвидено таков услов. Тој тврди дека таквиот јавен повик е дискриминаторски, бидејќи со напред наведените одлуки не е предвиден таков услов како во јавниот повик, туку директорот додал одредба во повикот со која ги довел своите вработени во дискриминаторска позиција само поради фактот што се вработени во ОУ „Св. Кирил и Методиј"-Кочани. Според него, тоа што е вработен во училиштето не треба да биде пречка да може да биде во било кое својство во клуб или здружение кое сака да се пријави на јавниот повик. Тој за споредба истакнува други јавни повици од други училишта, односно Јавен повик за учество на јавно наддавање за распределба на термини за користење на салата во ООУ „Малина Попиванова“ заведен под број 04- 430/1 од 05.09.2023 година, во кој не бил предвиден услов како во Јавниот повик на ОУ „Св. Кирил и Методиј"-Кочани. Оттука, подносителот наведува дека во конкретниот случај станува збор за директна дискриминација која што е извршена како резултат на самоволието и самовластието на директорот на училиштето каде е вработен, во однос на него и на останатите вработени во училиштето само поради фактот што се вработени во училиштето, *нешто кое што претставува основа за неповолно постапување, разликување, исклучување или ограничување кое како последица има одземање, нарушување или ограничување на еднаквото признавање или уживање на човековите права и основни слободи, споредено со третманот кој го има или би можело да го има друго лице (вработените во останатите училишта на територија на о. Кочани) во исти или слични услови.* Подносителот [redacted] на крајот истакнува и дека оправдувањето на училиштето и [redacted] за вметнување на спорната одредба во јавниот повик, од причини да се спречи судир на интереси и влијание на вработените во училиштето врз децата за да истите се запишуваат на активности, биле излишни и неосновани.

Во прилог на претставката доставува: Тековна состојба за ОУ „Св. Кирил и Методиј“-Кочани; Одлука за делегирање на вршење на работите на одржување и давањето на користење на спортската сала во Кочани број 07-2369/2 од 27.12.2006 година; Одлука за изменување и дополнување на одлуката за делегирање на вршење на работите на одржување и давањето на користење на Спортската сала во Кочани број 07-1286/1 од

20.06.2007 година; Одлука за изменување на Одлуката за делегирање на вршење на работите на одржувањето и давањето на користење на Спортската сала во Кочани број 07- 2780/1 од 03.12.2010 година; Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за начинот на користење и управување на салите во општинските основни и средни училишта заведена под број 09-1108/1 од 31.05.2023 година; Одлука за начинот на користење и управување на салите во општинските основни и средни училишта број 09-819/1 од 06.04.2023 година; Јавен повик за учество на јавно наддавање за распределба на термини за користење на Спортската сала во ОУ „Св. Кирил и Методиј"-Кочани заведен под 03- 351/1 од 04.08.2023 година; Јавен повик за учество на јавно наддавање за распределба на термини за користење на салата во ОУ Никола Карев - Кочани, заведен под 03-472/1 од 05.09.2023 година; Јавен повик за учество на јавно наддавање за распределба на термини за користење на салата во ООУ крсте П. Мисирков-Оризари, Кочани;. Потврда заведена под 04-01/11 од 03.10.2023 година на ОУ „Св. Кирил и Методиј" - Кочани и Договор за користење на спортска сала заведен под 03-381/1 од 11.09.2023 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со Барање бр. 08–762/2 побара од ОУ „Св. Кирил и Методиј"-Кочани [redacted] да се изјасни за наводите во претставката.

До Комисијата на 06.12.2023 година се доставени два одговори на ОУ „Св. Кирил и Методиј"-Кочани преку [redacted] со приложена документација кон нив, со броеви 03-534/2 и 03-534/3 од 27 и 28.11.2023 година.

Во одговорите се истакнува дека претставката на подносителот е неоснована во целост. Имено, тие во одговорот ги наведуваат одлуките кои и подносителот ги наведува во претставката, а кои одлуки го определуваат делегирањето на спортската сала во владение на ОУ „Св. Кирил и Методиј"-Кочани и начинот на управување и користење на истата. Во одговорот се посочува на содржината на Одлука за начинот на користење и управување на салите на општинските основни и средни училиште, со која се уредуваат почетните цени за наддавање, со цел користење на салата и начинот и постапката на спроведување на јавни повици за таа намена. Следствено, од страна на ОУ „Св. Кирил и Методиј"-Кочани од редот на вработените во училиштето со Решение бр. 04-352/1 од 04.09.2023 година се формирала Комисија за спроведување на постапка за учество на јавно наддавање за распределба на термини за користење на спортската сала во ОУ „Св. Кирил Методиј" Кочани преку објавување на јавен повик за распределба на термините за користење на спортската сала согласно условите од напред наведената одлука. Притоа, во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со цел да се исклучи и избегне било каква форма на влијание и притисок на учениците во училиштето од страна на вработените наставници во училиштето, како и со цел да се исклучи и спречи било каква форма на судир на интереси и корупција, во точката 4.3. во Јавниот повик бр.03-351/1 од 04.09.2023 година се определило дека: „Клубовите и спортските здруженија кои сакаат да земат учество на оваа лицитација во спортските клубови на ниту една

позиција, ниту како сопственик, ниту како управител, ниту како тренер, ниту на било која позиција во клубот не смеат да имаат лице вработено во ОУ „Св. Кирил и Методиј"-Кочани". Како дополнување на наведеното, истакнуваат дека во ОУ „Св. Кирил и Методиј"-Кочани се вработени седум наставници по физичко и здравствено образование и дека од нивна страна нема никаква замерка, освен од подносителот на претставката, [redacted]. Воедно, истакнуваат и дека имале сличен случај претходно со вработени наставници по англиски јазик во училиштето, кои дополнително биле ангажирани од страна на приватни училишта за странски јазици, во врска со што бил спроведен и инспекциски надзор од Државниот просветен инспекторат. Од Државниот просветен инспекторат им било укажано дека имаат сознанија за влијание од страна на наставниците врз учениците за посетување на курсеви во приватни училишта, при што им било наредено како наставници да престанат со ангажмани во приватни училишта за странски јазици. Со тоа во одговорот се истакнува дека условот наведен во точка 4.3 од Јавниот повик е со единствена објективна цел да се спречи можно влијание врз учениците од страна на наставниците, како и Јавниот повик да биде во согласност со членот 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, кој ги определува поимите на корупција и судир на интереси. Воедно во прилог на наведеното, се истакнува дека подносителот на претставката не учествувал на предметниот Јавен повик, ниту пак на било кој начин се обратил до училиштето и директорот со поплака или приговор во врска со спроведувањето на повикот. Во таа насока, сите лица кои учествувале во наддавањето, исто така, не приговориле во однос на условот од точката 4.3, туку спротивно на тоа дале писмени изјави дека ги прифаќаат поставените услови во Јавниот повик. Се истакнува дека директорот на училиштето е должен по службена должност да внимава за секое извршување или пропуштање на дејствие што е спротивно на закон, а е поврзано со интерес на друго лице, односно остварување на интерес на вработено лице-наставник за своја корист и сметка и корист на клубот во кој е ангажиран. Па оттука, директорот бил должен да внимава на можен судир на интереси. Притоа, во одговорот се наведуваат и членови од Законот за спречување и заштита од дискриминација, поточно на одредбите од член 7, кои ги определуваат афирмативните мерки, односно кои дејства нема да се сметаат за дискриминација. Со сето наведено, во одговорот се истакнува дека спорниот услов не е дискриминаторски, бидејќи се однесува на сите вработени во училиштето и дека вработените со тоа немаат пречка да бидат ангажирани во било какво својство во клубови или здруженија на граѓани кои користат спортски сали во други училишта.

Во прилог на одговорот се доставени копии од: Одлука за делегирање на вршење на работите на одржување и давањето на користење на Спортската сала во Кочани, донесена од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.1/2007, бр.8/2007, бр.17 од 2008, бр.15 од 2010 и бр.1/2018); Одлука за начинот на користење и управување на салите во општинските основни и средни училишта број 09-819/1 од 06.04.2023 г. број 09-1108/1 од 31.05.2023 г. и 09-1580/1 од 31.08.2023 г. („Службен гласник на Општина Кочани" бр. 4/2023, бр.5/2023 и бр.9/2023); - Решение бр.04-352/1 од 04.09.2023година за формирање на Комисија за спроведување на

постапка за учество на јавно наддавање за распределба на термини за користење на салата во ОУ „Св. Кирил Методиј" Кочани; Јавен повик за учество на јавно наддавање за распределба на термини за користење на Спортската сала во ОУ „Св. Кирил и Методиј"- Кочани бр.03-351/1 од 04.09.2023 година; Записник од спроведеното јавно наддавање бр.02-31/40 од 07.09.2023г.; Пријави за учество на јавно наддавање со комплет документација; Изјава за давање согласност за лични податоци и Изјава за прифаќање на условите од јавниот повик и Договори за закупени термини.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).".

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Индиректна дискриминација согласно член 8 став 2 од Законот, постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.

Согласно член 4 став 1 точка 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „„Легитимна и објективно оправдана цел" е целта за чиешто остварување средствата треба да соодветствуваат со реалните потреби во конкретен случај, да се однапред прецизно дефинирани, да се неопходни за остварување на таа цел, како и да се пропорционални на ефектите што треба да се постигнат.".

Комисијата, имајќи го во предвид горенаведеното и анализирајќи ја содржината на Јавниот повик бр.03-351/1 од 04.09.2023 година, утврди дека содржината и воедно спорниот услов од точка 4.3 не претставува индиректна дискриминација согласно член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, Комисијата не најде постоење на конкретно право и слобода во однос на кое со конкретното сторување подносителот бил спречен, ограничен, не му било признаено, не го уживал или остварувал истото на еднаква основа со друг во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Ниту пак самиот

подносител не го навел таквото право или слобода, туку истиот наведува ограничување на вработените од ОУ „Св. Кирил и Методиј“ – Кочани да бидат на било кој начин вклучени во одреден спортски клуб или здружение на граѓани, односно ограничување и спреченост на спортски клуб или здружение на граѓани да земат учество на јавен повик за доделување на термини за користење на спортската сала на училиштето. Следствено, Комисијата не најде дека подносителот не може да биде ангажиран или на кој било начин и во кое било својство вклучен во спортски клуб или здружение на граѓани, како резултат на јавниот повик, односно предвидените услови во него. Јавниот повик како таков објавен и спроведен со спорниот услов од точка 4.3, се однесува на правни лица како спортски клубови, односно здруженија на граѓани, па како таков дејството на ограничувачкиот услов влијае на нивната можност за учество на истиот. Комплементарно на наведеното, Комисијата ја цени содржината на јавниот повик од аспект на индиректна дискриминација согласно член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во смисла дали така поставениот услов како навидум неутрален критериум врз дискриминаторска основа става одредено лице или лица во понеповолна положба споредбено со друго или други лица. Па оттука, Комисијата најде дека така поставениот услов како критериум се однесува на сите спортски клубови и здруженија на граѓани, а воедно вклученост на вработен од училиштето во овие правни лица не може да се смета за дискриминаторски основ во смисла на член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Дотолку што, условот во смисла на член 8 став 2 од истиот Закон, произлегува од легитимна и објективно оправдана цел, а тоа е спречување на судир на интереси и следствено превенција на создавање перцепција за било какво дејство на влијание во постапката по јавниот повик, во линија со интегритетот на службеното лице и угледот на училиштето. Па оттука, како таква целта е прецизно определена во членот 2, а во врска со членот 3 и членот 8 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“ бр. 12/2019), односно соодветствува со реалната потреба за спречување судир на интереси и доследен интегритет, за што поставениот услов е пропорционален на ефектот што се сака да се постигне, односно законито постапување и зачувување на угледот на училиштето.

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*
[redacted]
*- ОУ „Св. Кирил и Методиј“ - Кочани ул. Ленинова б.б., 2300 Кочани*
*- Архива на Комисијата*